**Известување за утврдена Временска динамика за спроведување на приемниот испит за прием на 130 слушатели во почетна обука за IX генерација слушатели на почетна обука**

Почитувани кандидати за слушатели пријавени на јавниот оглас за IX генерација слушатели во почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители,

Ве известуваме дека денеска Комисијата за приемен испит одржа седница на која ја утврди **Временската динамика** за спроведување на понатамошниот дел од приемниот испит, со која полагањето на фазите од приемниот испит се усогласува со новиот Закон за Академија за судии и јавни обвинители.

Како и претходно, Ве известуваме дека истата претставува орентациона рамка по која ќе се одвива полагањето на останатите фази од Приемниот испит, а за полагањето на секоја фаза од испитот ќе Ве известиме со посебно известување, па затоа редовно следете ја нашата веб страница.